Република Македонија
Бр. 14-
___.___.2011 Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот: **Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка**

Усогласеност со Програмата на Владата: **Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија**

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: **ДА**

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
**На првата наредна седница на Владата**

Доверливост на материјалот: **НЕ**

Итност на материјалот: **ДА**

Прилог:
- **Мислења од Секретаријатот за законодавство, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за државни патишта, Кабинет на заменик претседател на Влада задолжен за економски прашања и Секретаријат за европски прашања;**
- **Образец за фискални импликации;**
- **Образец за проценка на влијание на регулативата;**
- **Усогласен текст на нацрт Финансискиот договор по Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица, кој треба да се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Република Македонија (на македонски и англиски јазик).**

| Дата на доставување на материјалот: | Потпис: |
| --- | --- |
| **Скопје, __.___.2011 година** | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>**м-р Зоран Ставрески** |

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: Ана Вељановска
Согласен: Кристина Павловска/Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка

Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

м-р Зоран Ставрески

Скопје, _____ 2011 година

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: Ана Вељановска
Согласен: Кристина Павловска/Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски
Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Елена Кузмановска, државен секретар во Министерство за транспорт и врски
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка

Скопје, _____ 2011 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. __________
од __________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка што го утврди на седница ___________________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии, Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереници Елена Кузмановска, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

# I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Патната инфраструктура е од огромно значење за економскиот пораст, за мобилизирање на работната сила и исто така за конкурентност во меѓународната дистрибуција на транспортни активности, а воедно претставува еден од клучните фактори кои значително влијаат врз економскиот развој. Регионалната главна транспортна мрежа се смета за една од најважните политики за стабилност и економски просперитет на Југоисточна Европа.

Коридор 10 е најзначајниот елемент на централната транспортна мрежа која ги поврзува Република Грција со Австрија. Неговата должина изнесува 1,451.4 km и се состои од автопат со повеќе ленти на 80% од неговата должина. Сегашниот просечен годишен сообраќај во текот на денот (AADT) од 15.000 возила на ден треба да се зголеми за 6% годишно до 40.000 возила на ден до 2020. Овој Коридор е во целосна согласност со патот Е-75, кој е автопат со наплата на патарина на четири сообраќајни ленти.

Низ територијата на Република Македонија, Коридор 10 е во согласност со националниот пат М - 1 (меѓународна ознака Е-75), кој поминува во правец Север-Југ.

Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица е проект со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28.18км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија. Заради комплексноста на теренот на кој ќе се извршуваат градежните работи, Проектот е оценет како доста сложен и опфаќа изградба на неколку големи објекти од типот на мостови, тунели, надпатници и патни јазли.

Врз основа на заклучоци од Записникот од 35-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.02.2007 година, Записникот од 63-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.06.2007 година, Записникот од 66-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.07.2007 година, Записникот од 68-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.05.2009 година, Министерството за финансии оствари комуникација со ЕИБ и ги спроведе сите активности за обезбедување на заем во износ од 130.000.000 ЕВРА за финансирање на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица.

Согласно проценката на Европската инвестициона банка (ЕИБ), вкупната вредност на Проектот изнесува околу 300.000.000 ЕВРА, од кои 271.500.000 ЕВРА се инвестициски трошок, а 28.500.000 ЕВРА претставуваат резерва за покривање на непредвидливите трошоци. Финансирањето на Проектот, освен со заемот од ЕИБ ќе се врши и од други извори: грант средства од Европска Унија преку ИПА во износ од 45.000.000 ЕВРА, заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во износ од 90.000.000 ЕВРА и средства од Буџетот на Република Македонија во износ од 6.150.000 ЕВРА.

На 31.01.2011 година, Одборот на директори на ЕИБ и одобри на Република Македонија заем за овој проект во износ од 130.000.000 ЕВРА. Заемот ќе биде разделен на 2 дела од по 65.000.000 ЕВРА, при што за секој дел од заемот ќе се склучи посебен Финансиски договор.

Преговорите со ЕИБ за усогласување на текстот на Финансискиот договор за првиот дел од заемот во износ од 65.000.000 ЕВРА за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, кој треба да се склучи меѓу Република Македонија и ЕИБ започнаа на 07.03.2011 година. Текстот на Финансискиот договор е усогласен на 10.05.2011 година и истиот е даден во прилог.

Услов за склучување на Финансиски договор е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05; 88/08 и 35/11).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на проектот е изградба на автопатското решение на модерна делница од Демир Капија до Смоквица, во должина од околу 28,18 км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија .

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица.

Оттука, Република Македонија и ЕИБ ќе склучат Финансиски договор за првиот дел од заемот наменет за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, во износ од 65.000.000 ЕВРА од вкупно 130.000.000 ЕВРА, во кој се утврдени условите на задолжувањето. Тендерирањето на Договорот за надзор и на Договорот за градба за овој проект ќе се спроведе преку Министерството за финансии согласно воспоставениот систем за децентрализирано управување со Инструментот за пред-пристапна помош (во понатамошниот текст „ИПА") преку кој се обезбедува дел од средства потребни за финансирање на Проектот, додека техничкото реализирање на проектот ќе се спроведува преку Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта.
Во согласност со принципите за спроведување кои се дел од Рамковната Спогодба за спроведување на ИПА што е потпишана помеѓу Република Македонија и Европската Унија, средствата од заемот ќе се искористат како задолжително национално ко-финансирање обезбедено преку Буџетот на Република Македонија за Проектот, кон средствата доделени од Европската Унија.
Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Финансискиот договор за првиот дел од заемот ќе се склучи во износ од 65.000.000 ЕВРА. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на законот се образложени во дел III од овој Предлог на Закон и во Образецот за фискални импликации, даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ НА КОРИДОР X, НА ДЕЛНИЦАТА ДЕМИР КАПИЈА – СМОКВИЦА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПРВ ДЕЛ ОД ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ НА КОРИДОР X, НА ДЕЛНИЦАТА ДЕМИР КАПИЈА – СМОКВИЦА

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со заем во износ од 65.000.000 ЕВРА, како национално кофинансирање наменето за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, кој делумно ќе се финансира преку Инструментот за претпристапна помош – ИПА на Европската Унија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

Во име на Република Македонија, Финансискиот договор од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Заемот од член 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу пет транши.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу 25 години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде помеѓу 60 дена и седум години од датумот на повлекување на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерство за финансии.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е помеѓу три и 16 години од денот на повлекување на траншата.

Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерството за финансии, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 5

Делот од заемот во износ од 63.500.000 ЕВРА кој ќе биде наменет за финансирање на Договорот за градежни работи и Договорот за надзор над градежните работи за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, ќе го спроведува Оперативната структура составена од Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта.

Делот од заемот во износ од 1.500.000 ЕВРА кој ќе биде наменет за финансирање на Договорот за обезбедување на техничка помош за Единицата за спроведување на

Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, ќе го спроведува Агенцијата за државни патишта.

Член 6

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон, ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица е голем проект со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28.18км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија. Заради комплексноста на теренот на кој ќе се извршуваат градежните работи, Проектот е оценет како доста сложен и опфаќа изградба на неколку големи објекти од типот на мостови, тунели, надпатници и патни јазли.

Согласно проценката на Европската инвестициона банка (ЕИБ), вкупната вредност на Проектот изнесува околу 300.000.000 ЕВРА, од кои 271.500.000 ЕВРА се инвестициски трошок, а 28.500.000 ЕВРА претставуваат резерва за покривање на непредвидливите трошоци. Финансирањето на Проектот, освен со заемот од ЕИБ ќе се врши и од други извори: грант средства од Европска Унија преку ИПА во износ од 45.000.000 ЕВРА, заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во износ од 90.000.000 ЕВРА и средства од Буџетот на Република Македонија во износ од 6.150.000 ЕВРА.

На 31.01.2011 година, Одборот на директори на ЕИБ и одобри на Република Македонија заем за овој проект во износ од 130.000.000 ЕВРА. Заемот ќе биде разделен на 2 дела од по 65.000.000 ЕВРА, при што за секој дел од заемот ќе се склучи посебен Финансиски договор.

За таа цел, ќе се склучи Финансиски договор меѓу Република Македонија и ЕИБ за првиот дел од заемот наменет за финансирање на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица во износ од 65.000.000 ЕВРА.

Средствата од заемот ќе се искористат како задолжително национално кофинансирање обезбедено преку Буџетот на Република Македонија за Проектот, кон средствата доделени од Европската Унија. Средствата од заемот ќе имаат ист третман како и средствата обезбедени преку Инструментот за претпристапна помош и ќе се имплементираат согласно начелата и принципите за спроведување кои се дел од Рамковната Спогодба за спроведување на ИПА што е потпишана помеѓу Република Македонија и Европската Унија.

Услов за склучување на Финансискиот договор е донесување на закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05; 88/08 и 35/11).

Заемот ќе се отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија.

Заемот од член 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу 5 транши. Минималниот износ на една транша, освен за првата и последната транша, ќе изнесува 10.000.000 ЕВРА.

Каматната стапка и рокот на отплата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерство за финансии, во зависниот од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна). Варијабилната каматна стапка ќе биде во висина на ЕУРИБОР зголемен или намален за соодветна маргина која ќе ја утврди ЕИБ за секој референтен период.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот изнесува од 4 години до најмногу 25 години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде помеѓу 60 дена и 7 години. Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е помеѓу 3 и 16 години од денот на повлекување на траншата.

Тендерската постапка за Договорот за градежни работи и за Договорот за надзор над градежните работи за овој Проект ќе се спроведе согласно Правилата за тендерирање на помош добиена од Европската Унија за финансирање на надворешни активности на Европската Унија. Имено, согласно Одлуката за доделување на акредитација на воспоставениот систем за децентрализирано управување со ИПА помошта во Република Македонија[1], сите тендерски постапки за договорите финансирани од ИПА, како и склучувањето на договорите, и финансиската имплементација на договорите се спроведуваат од страна на Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување на договори.
Согласно член 15 од Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија[2] спроведувањето на Проектот е обврска на Оперативната структура за регионален развој која што ја сочинуваат Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта (Единицата за спроведување на Проектот).

Тендерската постапка за Договорот за обезбедување на техничка помош за Единицата за спроведување на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица ќе се спроведе согласно правилата за тендерирање на ЕИБ од страна на Агенцијата за државни патишта. Техничката и финансиската имплементација на овој Договор се обврска на Агенцијата за државни патишта.

<u>**Услови за ефективност на заемот и повлекување на првата транша:**</u>

•Правно мислење за Договорот за заем издадено од страна на Министерството за правда;

•Доказ за завршување на процедурата за откуп на земјиштето од страна на Заемопримачот или Промотерот потребен за имплементација на проектот;

[1] Одлука на Европската комисија бр. C(2009) 5753 од 24 јули 2009 година
[2] Службен весник на РМ бр. 132/08, 119/09 и 81/2010

•Писмена потврда дека препораките содржани во ревизијата за безбедноста на патиштата во врска со проектот биле вклучени во конечниот главен проект или оправданост за деталните причините за нивното исклучување; и

•Писмена потврда за степенот на пошумување, кое претставува мерка за ублажување на штетните влијанија врз животната средина кои би се предизвикале со изведувањето на градежните работи поврзани со Проектот, во форма на: а) билатерален договор потпишан меѓу Владата на Заемопримачот и Европската комисија кои се однесуваат на ко-финансирање на Проектот во рамките на Инструментот за претпристапна помош во вид на грант („ИПА“) кои содржат одредби кои се однесуваат на пошумување; б) ИПА Апликацијата за Проектот одобрена од страна на Европската комисија или в) ако горенаведениот билатерален договор за Проектот не е потпишан и ИПА Апликацијата за Проектот не е одобрена, планот за пошумување доставен до Банката во форма и содржина која е разумно прифатлива за Банката.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Финансиски договор.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со обезбедување на ефикасна инфраструктура ќе се придонесе за намалување на трошоците на возење и заштеда на време преку олеснување на протокот на возила. Обезбедувањето на хомогена инфраструктура ќе има позитивно влијание и на меѓународниот проток на возила и трговската размена, како и транзитирањето низ земјата. Со доизградбата на оваа алка во должина од околу 28,18 км, ќе се обезбеди поврзување на главните урбани, индустриски и трговски центри долж Коридорот X во рамките на регионот и пошироко во Европа.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на секцијата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка</td><td colspan="2">Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на секцијата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка</td><td colspan="2">Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на секцијата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Контакт лице и звање:<br><br>Сузана Пенева,<br>државен советник</td><td colspan="2">Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел: 3132-245; 23106-454;<br>Suzana.Stoimceva@finance.gov.mk;</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">Активност</td></tr>
<tr><td>Вид на барање:</td><td>( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива</td><td>( x ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/намалување на постоечка програма</td><td colspan="2">( ) Прераспределба ( на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="5">Цел на барањето/предложената активност: Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на секцијата Демир Капија - Смоквица е голем проект со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28.18км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Врска со владината програма: Предлог на законот е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија</td></tr>
</table>

| Фискални импликации | (Во илјади денари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 5.301 | 19.529 | 36.347 | 52.773 | |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| В. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Г. Расположливи средства од прелевања (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Г-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>Заем од Европска инвестициона банка | 0 | 0 | 615.000<br>(10.000.000 ЕУР) | 1.045.500<br>(17.000.000 ЕУР) | 922.500<br>(15.000.000 ЕУР) | 984.000<br>(16.000.000 ЕУР) | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | | | | |
| Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со прв дел од заем во износ од 65.000.000 ЕВРА, кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор Х, на делницата Демир Капија – Смоквица. | | | | | | |
| Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | | | | |
| Дата на завршување на проценката | | | | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финасии за добивање мислење: | | | | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финасии: | | | | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финасии: | | | | | | | |
| 19.Одговор на Министерството - предлага: | | | | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финасии: | | | | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финасии е дадено во прилог: | | | | | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br>________________________ / /2011 ________________ //2011<br>Потпис на државен секретар или директор на орган ден/ месец/ година Потпис на Министерот ден/месец/година | | | | | | | |

Подготвил: Ана Димитриевска
Контролирал: Ана Вељановска
Согласен: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева